Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 03//0306
09.01 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седниците одржани на 23.12.2024 и на 09.01.2025 година, врз основа на примена жалба од Здружението на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка Дело, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Софија сака да ја присвои македонската историја за да прикаже дека била на победничката страна на историјата“**, објавен на онлајн изданието на медиумот Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 12.11.2024 година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот**, Здружението „Дело** на 05.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов **„Софија сака да ја присвои македонската историја за да прикаже дека била на победничката страна на историјата“**, при што се жали на неточни и невистинити тврдења во текстот, на паушални гледишта на авторот, при што текстот бил искористен да се поттикне говор на омраза, непријателство што може да доведе до насилство и дискриминација кон бугарскиот народ. Притоа биле прекршене членовите 1, 5, 10 и 11 од Кодексот на новинари на Македонија. Медиумот се обвинува и дека имал очигледна намера да поттикне раздор и омраза и со тоа да ги поткопа и меѓународните позиции на Северна Македонија.

Жалителот наведува и други основи зошто смета дека содржината е неетичка и непрофесионална, а во прилог ја достави и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни за наводите во жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот проследен и со пропратно писмо потпишано од Управителот на Нова Македонија, во кој во целост се отфрла жалбата. Во одговорот се наведува дека текстовите вообичаено се објавуваат и во консултација со адвокати, а во однос на жалбата две адвокатски друштва констатирале дека нема ниту едно прекршување, ниту на законите, ниту на членовите од Кодексот на новинарите на Македонија.

Медиумот истакнува дека не е прв пат Здружението „Дело“ да упатува жалби до СЕММ со обвинувања за измислени прекршувања на Кодексот на новинарите со цел човечко и финансиско исцрпување на Нова Македонија и дека медиумот и новинарите тоа го сфаќаат како класичен притисок врз слободата на новинарите и медиумите да информираат и да отвораат дилеми во јавноста за различни процеси и тенденции кои се на штета и на државата и на сите нејзини граѓани, како и против отворањето полемики врз основа на што се гради и јавното мислење.

Во деталниот одговор на жалбата медиумот член по член од Кодексот ги отфрла наводите на жалителот, а се повикува и на принципите на Кодексот на новинарите, според кои новинарот има право и улога да изнесува идеи и мислења и да коментира.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„Софија сака да ја присвои македонската историја за да прикаже дека била на победничката страна на историјата“**, објавен на онлајн изданието на медиумот Нова Македонија (novamakedonija.com.mk), на 12.11.2024 не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, кој се однесува на билатералните односи помеѓу Северна Македонија и Бугарија.

Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и неговите оценки за тоа кои членови се прекршени. Сепак, Комисијата не можеше да потврди дека има прекршување ниту на членот 1, ниту на 5, ниту на 11, а најмалку на членот 10, кој се однесува на говор на омраза, дискриминирачки или друг стигматизирачки говор, затоа што според значењето на овие концепти ниту еден дел од текстот не може да се поврзе со одредбите на членот 10. Со тоа Комисијата не гледа ниту прекршување, ниту намера на медиумот со текстот *„да ги наруши односите меѓу Северна Македонија и Бугарија, да го навреди или дискриминира бугарскиот народ, или пак да ѝ наштети на меѓународната позиција на Македонија“*, како што наведува жалителот.

Комисијата оцени дека изнесените тврдења и коментари во текстот кои може да се оценат како критички не се однесуваат на бугарскиот народ, туку на бугарската државна политика или на одредени политички партии во Бугарија.

Од тука, Комисијата со мнозинство гласови оцени дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија или на Насоките за известување во онлајн медиумите, документ на СЕММ.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис, Зериета Јајага и Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595